Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-1246/8
24 11 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37, став 6 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 47 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454/2019 и 528/2020), Деканот на Факултетот ја донесе следната

ИСПРАВКА НА ОДЛУКА

за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
бр. 03-1246/1 од 02.11.2026 година

1. Се врши исправка на Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје бр. 03-1246/1 од 02.11.2026 година, објавена на интернет страницата на Факултетот на 02.11.2026 година.

2. Исправката се однесува на член 2, став 2 од наведената Одлука.

3. Со извршената исправка, член 2, став 2 од Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје бр. 03-1246/1 од 02.11.2026 година гласи:

„Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 02.12.2026 година (среда), во Сала за состаноци (над студентски прашања) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во период од 8,30-16,30 часот.“

4. Исправката на Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје бр. 03-1246/1 од 02.11.2026 година, задолжително да се објави на интернет страницата на Факултетот.

Декан,

Проф. д-р Сашо Георгиевски